UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Настава по англиски јазик (2022/2023)** |
| Факултет | Јазици, култури и комуникација |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 60 |
| Код | N-MEN60C |
| Титула | Магистер на настава по англиски јазик |
| Архивски број на акредитација [60] | 03-2503/1 |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 14.07.2022 |

## Опис на програмата

Целта на програмата Настава по англиски јазик е студентите да стекнат солидни знаења во областа на теориите на методологија и потребни вештини за спроведување на стекнатите знаења здобиени од теориите и нив да ги употребуваат во наставната практика.

Изборот на индивидуалните предмети ги рефлектира најсовремените актуелни трендови во изучувањето на втор странски јазик, помагајќи во идентификувањето на локалните и регионалните потреби. Програмата е дизајнирана за дипломирани по англиски како странски јазик, односно за оние кои сакаат да се специјализираат и да ги развијат своите способности во педагогијата на настава по англиски јазик. Се вклучува и научноистражувачка компонента (заедно квалитативното и квантитативното), академското и модерното истражување.

## Кариера

Поголемиот број студенти би требало да бидат вработени во настава.  Предвидено е часовите  да се одржуваат за време на викендот.  Поголемиот број предмети обезбедуваат специјализирана обука: методологија за изучување на странски јазик, менаџирање на училница, педагошката граматика и пишување, изучување на јазикот со помош на компјутер и анализа на потребите. Ова е базирано на најсовремените принципи на обука на наставникот од англофонските земји, аплицирани во балкански контекст. Програма е дизајнирана на специфичен начин за потребите на наставниците по англиски јазик, а исто така е многу важни бидејќи студентите стекнуваат вештини за напредно академско истражување и за оние студент кои сакаат да работат како преведувачи, критичари, издавачи или писатели. Програмата опфаќа два семестри настава, проследени со истражување и пишување на тезата.

## Резултати од учењето

#### Знаење и разбирање

- Има напредна наставна методологија по англиски јазик.

- Има знаење на теоријата на учење втор/странски јазик.
- Демонстрира познавање на англиската граматика и англискиот јазик.
- Знае и го разбира употребувањето на учењето јазици со помош на компјутер и има активно учество во подобрувањето на неговата употреба.
- Користи различни педагошки стратегии во предавањето.
- Знае да напише истражувачки труд, презентација и слично.

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Има теоретски сознанија и ефикасно ги пренесува на студентите
- Применува принципи за стекнување на странски / втор јазик со користење соодветни методологии на учење.
- Дизајнира наставна план-програма за конкретни наставни контексти, на пример предавање на помладите ученици (под 12 години) или предавање деловен англиски јазик за возрасни.
- Користи, адаптираи создава автентични едукативни материјали за употреба во училница.
- Ефективно ја користи технологијата и создава едноставни мултимедиумски или веб-базирани јазични алатки за практична употреба во училница, на пример, игри на зборови со помош на компјутер.

**Способност за проценка**

- Се изразуваат критички за изучуваниот материјал и искуствата на предавање/ учење во училница.
- Ги идентификуваат потенцијалните тешкотии во однос на прашањата за споредување на мајчиниот јазик во училницата со англиски како странски јазик.
- Избираат соодветни и релевантни материјали во согласност со потребите на студентите.
- Донесуваат одлуки во врска со потенцијалните тешкотии на различните аспекти на англискиот јазик: глаголи и образување време, определени / неопределени членови, предлози, други граматички категории, идиоми, лексички колокации и формирање збор.
- Прават сложени методолошки оцени во истражувачки дизајн и прават разлика меѓу различни методи за собирање податоци и за анализа на податоци, што е во врска со јазикот и лингвистиката.

**Комуникациски вештини**

- Има одлично познавање на англиски изговор.
- Создава добро структурирани и јасно напишани академски трудови.
- Може да ги претстави и да ги елаборира заедничките проблеми што се вклучени во учењето и предавањето на англискиот како странски јазик.
- Може да даде соодветни објаснувања на јазичните концепти на англиски јазик.
- Покажува комуникациска подготвеност во однос на квалитет на настава, управување и организирање на училница.

**Вештини на учење**

- Покажува иницијатива и самостојноство професионалната работа.
- Сам да ги следи и ги приспособува наставните методи во согласност со одредени ситуации.
- Се прилагодува на различните културни и меѓучовечки околности во училницата за англиски како странски јазик.
- Иницира и завршува независна истражувачка работа со високи академски стандарди во рамките на дадениот временски период.
- Демонстрира лидерство и способност за предавање за ефективно пренесување на знаењето.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [MCEL1030] [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [CM178] [6.0 ЕКТС] **Предавање на англиски за специфични цели**
- [CM179] [6.0 ЕКТС] **Напредно предавање на вокабулар**
- [EMEL1020] [6.0 ЕКТС] **Литература во предавање на англиски јазик**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

## Семестар 2

- [MCEL4010] [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

# Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Методологија на истражување**
Овој предмет опфаќа истражување, дизајн и методи, вклучувајќи и составување примерок на испитаници, формирање хипотеза, тестирање и експериментални истражувања. Посебно внимание ќе биде посветено на концептот, техниките и на практиката на квалитетна општествена методологија и научните истражувања. Преку овој предмет студентите ќе научат да развијат истражувачки вештини потребни за да се создаде, да се спроведе и успешно да се заврши истражувачки проект.

- **Предавање на англиски за специфични цели**
Предметот има за цел студентите да се запознаат со англискиот јазик за специфични цели како еден сосема поинаков јазик кој се разликува од општиот англиски кој го зборуваат и изучуваат; историскиот развој и појавата на ваквиот јазик и неговата класификација, како и главните карактеристики кои го прават посебен, како што се на пример: различните жанрови, нивните поинакви одлики и публиката (луѓето за кои е наменет). Понатаму, предметот ќе разработува и ќе се фокусира на конкретен вокабулар и дискурс карактеристичен за главните видови на англиски за специфични цели како на пример: за бизнис, за право, за медицина, трговија, дизајн и слично. Оваа цел ќе се спроведе преку работа на автентични материјали за да можат студентите да ги осознаат спецификите на јазикот на различните професии со кои ќе имаат контакт во иднина, било како предавачи или преведувачи/толкувачи.

- **Напредно предавање на вокабулар**
Преку овој предмет студентите ќе добијат нови информации поврзани со предавање и учење на напреден вокабулар во училница за англиски како странски јазик. Предметот вклучува опис на тоа како се усвојува вокабуларот, како се употребува во говор и пишување. Неколку часови ќе се посветат на дискусија за најдобрите практики за предавање вокабулар.

- **Литература во предавање на англиски јазик**
Во рамките на предметот се истражуваат целта и местото на англиската книжевност во наставната програма по предавањето англиски јазик. Притоа се оценува односот меѓу наставата по јазик и литература, и како литературата може да помогне во остварувањето на целите при изучување јазик. Преку предметот студентите ќе бидат насочени кон оценување различни теории на литература во предавањето англиски јазик, исто така ќе се фокусираат на поширокото прашање за тоа зошто литературата треба да се изучува на еден универзитет, за студентите Ј1 или Ј2.

- **Магистерски труд**
По положувањето на испитите, студентот може да ја започне постапката за поднесување, подготвување и за јавна одбрана на магистерската теза. Студентот избира ментор, со чии инструкции го подготвува барањето за магистерската тезата. Барањето мора да биде дозволено од наставно-научниот совет на факултетот. По подготвување на конечната верзија на магистерскиот труд, наставно-научниот совет на факултетот формира трочлена комисија, која го подготвува извештајот, со кој се прифаќа или се одбива магистерскиот труд. Позитивниот извештај се одобрува од наставно-научниот совет и се утврдува датумот за јавна одбрана. По успешното завршување на одбраната студентот стекнува диплома - Магистер по настава на англиски јазик.

## Изборни предмети

- **Едукација и забава**
„Edutainment“ е комбинација на образование и забава во образовни услови. Целта на предметот е да се промовира учењето преку игри и континуирани награди. И двете од овие стратегии имаат за цел да ја зголемат мотивацијата и да го поттикнат учењето преку различни апликации. Во текот на предавањето на предметот студентите ќе се учат како да користат систем на значки или поени кога ќе достигнат одредено ниво.

- **Литературен семинар: Шекспир**
  Преку овој предмет се истражува највлијателниот писател на сите времиња: Вилијам Шекспир. Ќе се разгледуваат неговите драмски достигнувања (комедија, трагедија и историја), неговата поезија и неговото влијание врз подоцнежното пишување на англиски јазик. Шекспир е најважниот писател во историјата - затоа преку овој предмет ќе се обидеме да разбереме зошто тој е толку значаен.

- **Педагошка граматика**
  Во рамките на овој предмет е опфатен интегриран модел на опис на јазикот прилагоден за потребите на студентите. Преку овој модел граматиката е организирана во три области: структура, ориентација и шема и притоа се покажува поврзаноста меѓу граматиката и лексиката. Важна компонента на овој предмет е студентите да стекнат сознанија лексичките фрази: начинот на кој се организирани, како можат да се класифицираат за образовни цели и нивното значење во комуникацијата.

- **Интеркултурализам во ЕЛТ**
  Се очекува студентите да ги претставам своите ставови во врска со културата, глобализацијата и како сето тоа се одразува во образовниот процес. Ќе се дискутираат теми поврзани со толеранцијата и разбирањето на другиот или другата култура. Исто така, предвидено е и пишување есеи во кои се третираат прашањата на културниот релативизам, стереотипите и предрасудите, и развивањето на концептите на интеркултурна соработка и мултикултурно образование.

- **Лексикологија**
  Цели на предметот: Анализирање на концептот на лексичката единица во однос на неодамнешните достигнувања во лингвистиката; посочување и стекнување димензии на знаење за вокабулар; Утврдување нивоа на значење и во еднојазичен и во двојазичен контекст; Набљудување на интеракцијата на граматиката и лексиката во вистинската употреба на јазикот.

- **Варијетети на англискиот јазик**
  Во рамките на овој предмет ќе се испитуваат разликите на англискиот јазик низ целиот свет, историјата, културата и специфичната јазична историја на Австралија, Англија, Шкотска, Ирска, Индија, Австралија, Јужна Африка, САД и Канада.

- **Пишување на англиски јазик и истражување**
  Овој предмет има за цел студентите да се запознаат со главните карактеристики на пишување на истражувачка работа на англиски јазик. Студентите ќе се запознаат со разни техники кои ќе ги подготват за учество во академски текст на англиски јазик. Тие ќе ги подобрат нивните вештини на пишување, академски презентации, дискусии на разни видови на пишување и ќе научат како да пишуваат истражувачка работа вклучувајќи и жанр, избирање на тема и наоѓање и цитирање на извори. Вклучени теми се: жанрови на пишување, видови на истражување во академско пишување, стил на пишување, цитирање во текст, разбирање и користење на докази, дискусија на резултати и развивање на тема.

- **Дискурсна анализа**
  Предметот се однесува на граматичка, структурна и педагошка анализа на текстови (напишани или усни). Се опфаќаат елементите на текстовите како граматичките модели и стилови. Студентите ќе се запознаат со главните теми во областа на текстуалната анализата и анализата на дискурсот, и во тој процес тие ќе ги зајакнат основните вештини за тоа како да се напишат, да се оценат и да се подобрат текстовите, пишувањето и зборувањето. Покрај тоа, овој предмет ќе ги оспособи студентите критички да анализираат еден текст, вклучувајќи ги и сопственото пишување, оценување на есеите на другите студенти, да дадат соодветен повратен одговор како и да ги водат своите идни студенти.

- **Педагошко пишување**
  Во фокусот на овој предмет се пристапите и прашањата во предавањето на пишување на втор јазик. Студентите ќе бидат поттикнати да размислуваат критички за различните пристапи и да размислуваат за сопствените верувања и практики за пишувањето, како и за предавање на пишувањето. Во рамките на предметот ќе се испитаат теориите на наставата на пишување на втор јазик и ќе биде фокусиран на практичните аспекти на наставата за пишување, вклучувајќи повратни информации од предавачите и колегите, оценување, публика, дизајнирање план-програма, материјали и задачи за предавање на пишувањето. Исто така, студентите ќе бидат охрабрени да ги разгледуваат истражувањата од оваа област и да размислуваат критички за тоа. Целта на предметот е да се воспостави рамнотежа меѓу теоретските и практичните знаења.

- **Реторика и јавно говорење**
  Цели на предметот се студентите: - да се запознаваат со почетоците и историјата на реториката; -да знаат што е добра реторика; -да учат од јавните говори на успешните луѓе; -да знаат како се формира јавен говор; -да се во можност да се претставуваат со својот говор во некоја јавна дискусија или научна конференција.